«КЖ-485/21»

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО БИТОЛА, во совет составен од судиите: Љиљана Чочковска - претседателна советот, М-р Александар Камбовски и Зоран Караџовски - членови на советот, со записничарот Лилјана Стојковиќ - судски советник, во кривичниот предмет против обвинетиот Трајче Ничевски од Р., за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 ст.2 в.в. со ст.1 в.в. со чл.45 од Кривичниот законик, оформен по обвинителниот предлог на Основното јавно обвинителство Б. КО.бр.261/17 од 27.12.2018 година, одлучувајќи по жалбата на Основниот јавен обвинител од Р., против пресудата на Основниот суд во Ресен К-20/21 од 20.05.2021 година, на седницата на советот на ден 15.12.2021 година, донесе:

## П Р Е С У Д А

Жалбата на Основниот Јавен обвинител од Р. ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА.

Пресудата на Основниот суд во Ресен К-20/21 од 20.05.2021 година СЕ ПРЕИНАЧУВА , во делот на правната квалификација на кривичното дело на начин што:

Према обвинетиот Трајче Ничевски од Р., со лични податоци како во изреката на првостепената пресуда, се одбива обвинението, да обвинетиот со дејствијата опишани во изреката на првостепната пресуда, да сторил по едно кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 ст.1 од Кривичниот законик, а согласно чл.402 ст.1 т.6 од Законот за кривичната постапка, бидејќи настапила апсолутна застареност на кривичното гонење, согласно чл.107 ст. 1 т. 5 и чл.108 ст.6 од Кривичниот законик.

Во останатиот дел, жалбата СЕ ОДБИВА како неоснована и првостепената пресуда СЕ ПОТВРДУВА.

## О б р а з л о ж е н и е

Со пресуда на Основниот суд во Ресен К-20/21 од 20.05.2021 година, спрема обвинетиот Трајче Ничевски, согласно чл.402 ст.1 т.6 од Законот за кривичната постапка, се одбива обвинението за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 ст.1 од Кривичниот законик , бидејќи настапила апсолутна застареност на кривичното гонење, согласно чл.107 ст. 1 т. 5 и чл.108 ст.6 од Кривичниот законик. Со истата пресуда, судот одлучи

трошоците на обвинетиот на име награда на бранителите на обвинетиот, адвокат Дарко Јанкуловски и адвокат Борче Димитровски од Адвокатско друштво „Димитровски“ во износ од 103.084,00 денари да паднат на товар на Буџетот на Република С.М., а согласно член 114 ст.3 од Законот за кривичната постапка, оштетениот ЈЗУ Здравствен дом Р. за остварување на своето евентуално оштетно побарување, се упатува на спор.

Против оваа пресуда во законскиот рок жалба изјави Основниот Јавен обвинител од Р. со која ја побива пресудата поради суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка и повреда на Кривичниот законик, со причини изнесени во жалбата и со предлог жалбата да се уважи, првостепената пресуда да се преиначи на начин што обвинетиот да биде огласен за виновен и да му биде изречена казна согласно законот.

Бранителот на обвинетиот, адвокат Дарко Јанкуловски од Адвокатско друштво „Димитровски“ Б. поднесе одговор на жалбата со кој ги побива жалбените наводи и предлага, жалбата на Основниот јавен обвинител да се одбие како неоснована и првостепената пресуда да се потврди.Трошоци побара.

Вишото Јавно обвинителство од Б., во врска со изјавената жалба а согласно чл.482 ст.2 од Законот за кривичната постапка, достави писмено образложен предлог КОЖ.бр.558/21 од 21.09.2021 година, со кој предлага жалбата на Основниот јавен обвинител да се уважи, првостепената пресуда да се укине и предметот да се врати на повторно одлучување.

Примерок од писмено образложениот прелог на Вишото Јавно обвинителство е доставен на обвинетиот и бранителот заради запознавање со истиот.

Овој суд постапувајќи по изјавената жалба, откако ги разгледа списите по предметот, ја испита првостепената пресуда во смисла на член 427 ст.1 т.1 и 2 од Законот за кривичната постапка, ги оцени жалбените наводи и предлозите истакнати во жалбената постапка и утврди:

Жалбата на Основниот јавен обвинител делумно е основана .

Најнапред, не се основани жалбените наводи во изјавената жалба на Основниот јавен обвинител за сторена суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка од чл.415 ст.1 т.11 од Законот за кривичната постапка. Овој суд испитувајќи ја побиваната пресуда во границите на овој жалбен основ, таква повреда не констатира. Напротив, првостепената пресуда содржи јасни и разбирливи причини за сите решителни факти и врз основа на така даденото образложение во писмено изработената пресуда , истата со сигурност може да се испита.

Имено, со поднесениот обвинителен предлог на овластениот тужител, обвинетиот се обвинува за продолжено кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 ст.2 в.в. со ст.1 в.в. со чл.45 од Кривичниот законик. Согласно описот на дејствијата за кои обвинетиот се

обвинува со поднесениот обвинителен предлог, обвинетиот се товари како службено лице - вршител на должност, директор на ЈЗУ З.Д. Р. со искористување на службената положба и овластување при реализација на Договорот за изведување на работи со К. ДООЕЛ Б. број 015/2012 од 22.05.2012 година за реконструкција на санитарните јазли одобрил исплата на износ од 89.760,21 денар на име демонтажа и монтажа на санитаријата како и исплата на износ од 67.796,54 денари на име вадење на градежен шут по фактура број 08/2012 издадена од К. ДООЕЛ Б. на 27.09.2012 година а исплатена на 29.06.2012 година и доплатена на ден 10.07.2012 година, иако знаел дека фактурираните работи не ги извршиле работници ангажирани од К. ДООЕЛ Б., туку вработени во ЈЗУ З.Д. Р. при што му предизвикал вкупна имотна штета на ЈЗУ З.Д. Р. од поголема вредност во износ од 157.556,75 денари.

Од вака дадениот опис на дејствија, произлегува дека обвинетиот се обвинува за две поединечни дејствија кои влегуваат во рамките на продолжено кривично дело, односно за исплата на износ од 89.760,21 денари и износ од 67,796,54 денари, кои што со својата вкупна сума го даваат износот на потешкото кривично дело кое на обвинетиот му се става на товар од член 353 ст.2 в.в. со ст.1 од Кривичниот законик во рамките на продолженото кривично дело од чл.45 ст.3 од Кривичниот законик.

Правилно утврдил првостепениот суд дека продолженото кривично дело е составено од повеќе дејствија од кое секое за себе претставува самостојно кривично дело. Но, исто така правилно утврдил првостепениот суд дека одредбата на чл.45 ст.3 од Кривичиот законик, се однесува само за видот и висината на изречената казна а не и за виноста, односно во никој случај не може да се однесува за тоа обвинетиот да биде огласен за виновен за потешко кривично дело кога дејствијата кои му се ставаат на товар не го исполнуваат законското битие на тоа потешко кривично дело.

Во вакви услови првостепениот суд е должен да испитува дали постои застареност на кривичното гонење на секое пооделно дејствие што претставува поединичено кривично дело а која имајќи во предвид дека се работи за дејствија кои претставуваат секое посебно кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 ст.1 од Кривичниот законик за кое е предвидена казна затвор до три години, апсолутната застареност на кривичното гонење настапува по протекот на шест години од денот на сторувањето на кривичното дело. Правилно утврдил првостепениот суд дека во конкретниот случај настапила апсолутна застареност на кривичното гонење и тоа на 10.07.2018 година , со протекот од шест години од денот кога е извршена доплата по ф-ра 08/2012 и исплата на фактура бр.09/2012 и двете на К. ДООЕЛ Б. од 27.06.2012 година , што значи дека апсолутната застареност на кривичното гонење настапила пред поднесување на обвинителниот предлог кој е поднесен на ден 09.01.2019 година.

Основани се укажува со изјавената жалба на јавниот обвинител дека првостепениот суд погрешно смета дека во конкретниот случај се работи за едно кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 ст.1 од Кривичниот законик. Со поднесениот обвинителен предлог,

обвинетиот се обвинува дека со две дејствија му нанесол штета на оштетениот ЈЗУ З.Д. Р., кои секое поединечно ги содржат обележјата на по едно кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 ст.1 од Кривичниот законик. Од тие причини следуваше првостепената пресуда да се преиначи во делот на правната квалификација на кривичните дела и према обвинетиот се одбива обвинението да сторил по едно кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 ст.1 од Кривичниот законик, а согласно чл.402 ст.1 т.6 од Законот за кривичната постапка, бидејќи настапила апсолутна застареност на кривичното гонење, согласно чл.107 ст. 1 т. 5 и чл.108 ст.6 од Кривичниот законик.

Апелациониот суд го имаше предвид барањето истакнато во одговорот на жалбата поднесен од обвинетиот, преку бранителот, за надомест на трошоците за состав на одговор на жалба, меѓутоа не одлучи по истото, со оглед дека не се работи за трошоци пред второстепен суд, онака како што е предвидено во одредбата на членот 108 од Законот за кривичната постапка.

Од сите овие причини, а согласно чл.434 и чл. 435 ст.1 од Законот за кривичната постапка, се одлучи како во изреката на оваа пресуда.

Записничар,
Лилјана Стојковиќ с.р.
ЉЧ/

Претседател на советот-судија,
Љиљана Чочковска с.р.